ДНЕВНИК, ПЕТОК, 24 АВГУСТ 2007

# Успешен настап на членови на МОБ во Бразил

Екипа на балетските уметници од Македонската опера и балет беше специјален гостин на концертот на популарната бразилска група „Какао Бразил". Нивниот заеднички настап се одржа на 16 август во театарот „Драгао до Мар" во градот Форалеза. Костимите на балерините специјално за настапот ги креираше еден од најпознатите бразилски дизајнери, Вила Вентура. Ова е прво гостување на уметници на МОБ во Бразил.

Менаџерот Иво Јанковски вели дека, според реакциите на публиката и тамошните медиуми, постои голем интерес оваа соработка во иднина да продолжи и да се продлабочи. Градоначалничката на градот Акеираз, Рителза Кабрал, во знак на благодарност, на екипата на МОБ ѝ подари специјална статуетка - симбол на градот. Како гости на концертот се појавија и бразилската легенда Алкеу Валнека, пејачот Флавио Вентурини и една група од Сенегал.

Од концертот наскоро ќе се појави и дивиди-издание, на кое во посебен фолдер ќе биде презентирана соработката на групата „Какао Бразил" со членовите на МОБ, како и нивното гостување и престојот во Македонија. Ќе бидат претставени подготовките и заедничкиот настап на 10 август годинава во Античкиот театар во Охрид, во рамките на „Балкан мјузик сквер". Гостувањето во Бразил го реализира продуцентската куќа „Трето уво", во соработка со МОБ. **(С.А.Н.)**